Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Правен факултет "Јустинијан Први"
СКОПЈЕ

| Примено: | 10 05 2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 09- | 548/1 | | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

Бр.-Nr. 1409 - 380/7
11. 12. 2022 год.-viti
Скопје - Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија” бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 9 седница одржана на 30.11.2020 година, донесе

# **Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Корпоративно право“, од втор циклус академски студии на Правен факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Корпоративно право“, од втор циклус академски студии на Правен факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2020/2021 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 120 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Магистер по корпоративно право /во меѓународен промет академски назив: Master of corporate Law, LLM.

4. Научно - истражувачко подрачје: Општествени науки,
Научно – истражувачко поле: Правни науки
Научно – истражувачка област: 50824 - Деловно право, 50835 други/Корпоативно право.

5. Вкупниот број на студенти кои можат да бидат запишани на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 110 студенти.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

## **О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената одлука бр. 02 - 929/6 од 27.09.2019 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студенската програма „Корпоративно право“ од втор циклус академски студии на Правен факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, до Одборот

за акредитација на високото образование, достави барање бр.1409 - 380/1 од 15.10.2019 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 3-та седницата одржана на 01.07.2020 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.1409 - 380/6 од 09.12.2020 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 9-та седница одржана на 30.11.2020 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование
Академик Владо Камбовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

Кеј Димитар Влахов 4, II спрат
Центар, Скопје
Тел. 02/3220509

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**

Dimitar Vlahov 4, kati II
Qendër, Shkup
Tel. 02/3220509

Бр.-Nr. 08-584/4
03.08. 2021 год.-viti

Врз основа на член 145 став (6) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/19), директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за почеток со работа студиската програма од втор циклус академски студии (120 ЕКТС) по „Корпоративно право“ на Правен факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус академски студии (120 ЕКТС) по „Корпоративно право“ на Правен факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

**Образложение**

По добивање на Решение за акредитација бр.1409-380/7 од 11.12.2020 година од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Правен факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје се обрати со барање бр.09-698/1 од 15.06.2021 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, под наш бр. 08-584/1 од 16.06.2021 година, за утврдување на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус академски студии (120 ЕКТС) по „Корпоративно право“ на Правен факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр.08-584/2 од 22.06.2021 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата, на ден 28.06.2021 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 08-584/3 од 07.07.2021 година, каде е наведено дека за студиската програма од втор циклус академски студии (120 ЕКТС) по „Корпоративно право“ на Правен факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**ДИРЕКТОР/ DREJTOR**
**Dr. Agim Rushiti**

Доставено до:
- Високообразовната установа
- Архива

изработил: Милена Ефремовска
одобрил: Севгил Муртези

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Правен факултет "Јустинијан Први"
СКОПЈЕ

| Примено: 31 08 2021 | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 09- | 928/1 | | |